

Музејот на Старата скопска чаршија е сместен во рамките на Сули ан. Основан е како придружна институција на Музејот на град Скопје во мај 1983 година, со задача да ја прикаже историјата, културната вредност и занаетите во чаршијата. Дејноста на музејот е сложена и се состои од систематска научноистражувачка и прибирачка работа, обработка на музејски збирки и создавање на информативни средства за тие збирки, прикажување на збирките преку постојани и повремени изложби и објави, како и заштита и чување на музејски предмети.

Вкупната површина која ја зафаќа просторот на кој е сместен музејот изнесува 473 $m^2$, од кои 355 служат како изложбен простор, додека остатокот го сочинуваат придружни простории. Поставката на музејот се состои од археолошки, историски дел, уметничка галерија и етнолошки дел. Во археолошкиот дел се прикажани предмети, добиени како резултат на археолошките истражувања спроведени на просторот на чаршијата и на калето, кои се однесуваат на периодот од средниот век до отоманското време. Историскиот дел бил отворен во 1985 година и во него се изложени фотографии, карти, табеларни прегледи и планови, кои сведочат за развитокот на чаршијата низ историјата. Во уметничката галерија се прикажани уметнички дела од познати македонски сликари, на кои се прикажани мотиви од чаршијата. Етнолошкиот дел е наменет за прикажување на животот во чаршијата низ историјата. Тоа е направено преку претставување на најшироко распространетите занаети, меѓу кои се врбојуваат: кујунџискиот, терзиско-срмаџискиот, папуџискиот и ѓурчиско-кожуварскиот занает.